Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-606/3
__________ година 13-12-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 606/1 од 06.09.2024 година, поднесена од [redacted] од Битола, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-606/1 од 06.09.2024 година поднесена од [redacted] од Битола **поради неуредност.**

## Образложение

[redacted] на 06.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација преку системот за електронско пријавување на Комисијата поднесе претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-606/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше наведени факти и околности врз кои се темели претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, до подносителката изврши достава преку пошта на Барање бр. 08-606/2 од 18.09.2024 година за доуредување на претставката, уредно доставено на 20.09.2024 година. Подносителката во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Од горенаведените причини, се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комсијата*